
ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ НА ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2022 до 31.12.2022 година

98 –
07 -07- 2023

ФЗОРСМ
FSSHRMV



[1] 08-13421/1 [2023]

Резиме

Финансиските контролори како дел од одделението за буџетска и финансиска контрола, Сектор за финансиски прашања, во рамки на Фондот за здравствено осигурување на РСМ во текот на 2022 година изврши вкупно 24 целосни финансиски контроли на јавните здравствени установи, согласно годишниот план за финансиски контроли и 74 наменски контроли.


Од контролите констатиран е зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, увид во сметководствената евиденција, контрола на начинот на пресметка и исплата на плата согласно Колективниот договор за здравстена дејност, спроведување на постапките за јавните набавки, фактурирање на здравствените услуги, благајничко работење итн.

За констатираните состојби во ЈЗУ, финансиската контрола даде препораки со цел да се надминат во наредниот период.

I. Вовед

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (во понатамошниот текст: ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

II. Цел на финансиската контрола



Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето и наменското трошење на средствата на ЈЗУ.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

III. Одделение за буџетска и финансиска контрола



Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата во 2022 година, ја спроведуваат 12 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

Организациона единица	број на контролори
Централна служба	2
Скопје	3
Тетово	2
Гостивар	1
Охрид	1
Велес	1
Куманово	1
Берово	1
Вкупно контролори	**12**

IV. Видови финансиска контроли

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои се реализираат согласно годишен план за финансиска контрола и
- контролите со посебна намена односно вонредните контроли се извршуваат по барање на менаџерскиот тим или од Директорот на Сектор за финансиски прашања на Фондот.

Планот на финансиски контроли во 2022 година предвидуваше 24 целосни финансиски контроли.

Во текот на 2022 година, согласно усвоениот годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 24 редовни финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 74 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли во 2022 година изнесува 98 контроли.

Со тоа, процентот на реализацијата на годишниот план е зголемен за 408%.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

Ред. бр.	Вид на контрола	број на извршени контроли
1	**Контроли предвидени согласно Годишен план за финансиски контроли**	**24**
1.1	*Целосни финансиски контроли на ЈЗУ*	*24*
2	**Наменски контроли**	**74**
2.1	*Предмет на контрола – набавени лекови (по фактури) во ЈЗУ УК за онколигија и радиотерапија - Скопје во 2021 година*	*1*
2.2	*Предмет на контрола – пресметка и исплата на плати на вработени лица во ЈЗУ Општа болница - Охрид, по поднесеното барање од Министерството за внатрешни работи - Скопје, одделение за криминалистички работи - Охрид*	*1*
2.3	*Предмет на контрола – јавна набавка по оглас бр.06407/2022 година за набавка на лабораториски реагенси, контролни раствори, помошни средства и тестови во ЈЗУ Здравствен дом - Ресен*	*1*
2.4	*Предмет на контрола – вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје за 2021 година*	*1*
2.5	*Предмет на контрола – вонредна финансиска контрола во ЈЗУ УК за ревматологија - Скопје за период 01.01.2019 – 31.12.2021 година*	*1*
2.6	*Предмет на контрола – вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Општа болница - Охрид за период 01.01.2020 – 31.12.2021 година*	*1*
2.7	*Предмет на контрола – претставка за извршена наплата на здравствени услуги во дополнителна дејност за лице лекувана во ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св.Стефан" - Охрид*	*1*

2.8	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати на директори, медицински и економски директори во следниве 67 ЈЗУ:* *1.УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар - Скопје* *2.УК за гинекологија и акушерство - Скопје* *3.УК по хирушки болести "Св.Наум Охридски" - Скопје* *4.УК за дигестивна хирургија - Скопје* *5.УК за државна кардиохирургија - Скопје* *6.УК за неврохирургија - Скопје* *7.УК за очни болести - Скопје* *8.УК за торокална и васкуларна хирургија - Скопје* *9.УК за детска хирургија - Скопје* *10.УК за урологија - Скопје* *11.УК за уво, нос и грло - Скопје* *12.УК за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје* *13.УК за максилофацијална хирургија на лице, вилици и врат - Скопје* *14.УК за радиотерапија и онкологија - Скопје* *15.УК за кардиологија - Скопје* *16.УК за детски болести - Скопје* *17.УК за хематологија - Скопје* *18.УК за неврологија - Скопје* *19.УК за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје* *20.У Стоматолошки клинички центар "Св.Пантелејмон" - Скопје* *21.УК за нефрологија - Скопје* *22.УК за ревматологија - Скопје* *23.УИ за радиологија - Скопје* *24.УК за гастроентерохепатологија - Скопје* *25.УК за пулмологија и алергологија - Скопје* *26.УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје* *27.УК за токсикологија - Скопје* *28.УК за психијатрија - Скопје* *29.УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Скопје* *30.УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) - Скопје* *31.УК за дерматологија - Скопје* *32.УИ за клиничка биохемија - Скопје* *33.Клиничка болница - Битола* *34.Клиничка болница - Тетово* *35.Клиничка болница - Штип* *36.Општа болница со проширена дејност - Прилеп* *37.Општа болница со проширена дејност - Кавадарци* *38.Општа болница со проширена дејност - Кочани* *39.Општа болница со проширена дејност - Гевгелија* *40.Општа болница со проширена дејност - Дебар* *41.Градска ОБ 8-ми септември - Скопје* *42.Општа болница - Куманово* *43.Општа болница - Гостивар* *44.Општа болница - Охрид* *45.Општа болница - Струмица* *46.Општа болница - Велес* *47.Општа болница - Струга* *48.Општа болница - Кичево* *49.СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир - Скопје* *50.СБ за ортопедија и трауматологија "Св.Еразмо" - Охрид* *51.СБ за нефрологија - Струга* *52.СБ за превенција, лек.и рехе.на кардио.заболувања "Св.Стефан" - Охрид* *53.СБ за геријатриска и палијатива медицина "13 Ноември" - Скопје* *54.СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново - Велес* *55.СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок - Тетово*	*67*

	56.СБ за прев., лек.и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заболувања - Отешево *57.Психијатриска болница - Скопје* *58.Психијатриска болница - Демир Хисар* *59.Психијатриска болница - Негорци - Гевгелија* *60.Институт за трансфузиона медицина на РСМ - Скопје* *61.Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје* *62.Институт за јавно здравје на РСМ - Скопје* *63.Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) - Скопје* *64.Институт за медицина на трудот на РСМ Чаир, - Скопје* *65.Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Битола* *66.Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје* *67.Здравствен дом - Скопје*	
	Вкупно финансиски контроли	**98**

Споредбено со 2021 година, бројот на реализирани контроли по видови, во истиот период во 2022 година е прикажано во следната табела:

Ред. бр.	Вид на контрола	број на извршени финансиски контроли во 2021 г.	број на извршени финансиски контроли во 2022 г.
1.	Контроли согласно годишен план за целосни финансиски контроли	40	24
2.	Наменски контроли	27	74
	Вкупно финансиски контроли	***67***	***98***

V. Реализација по видови на контроли

1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за цел контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ.

Таа подразбира контрола на:

- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- контрола на состојбата на побарувања, обврски и долгови
- контрола на состојбата на парични средства во благајна и на сметка
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- вработени и привремено ангажирани лица во ЈЗУ
- начин на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ

Во рамките на извршените 40 контроли, во текот на 2022 година, контролирани се:

Вид на ЈЗУ	број на контролирани ЈЗУ во 2021 г.	број на контролирани ЈЗУ во 2022 г.
Универзитетски клиники и универзитетски институти	14	5
Клинички, општи болници и специјални болници	7	10
Здравствени домови и поликлиники	9	6
Институти, заводи и центри за јавно здравје	10	3
Вкупно:	**40**	**24**

Од вкупно контролирани 24 (дваесет и четри) ЈЗУ утврдено е дека на 31.12.2021 година во 6 (шест) ЈЗУ нема долгови. Кај 14 (четиринаесет) ЈЗУ долговите на 31.12.2021 година, споредбено со 31.12.2020 година се зголемиле, а кај 3 (три) ЈЗУ во истиот период долговите се намалиле. Додека во Здравствен дом Липково нема софтвер за разграничување на обврските и долговите односно за евиденција на фактури по валута на доспевање.

- *зголемување на долговите на 31.12.2021 година, споредбено со 31.12.2020 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*

- УК за детска хирургија – Скопје
- УК за хематологија – Скопје
- УК за ревматологија – Скопје
- Клиничка болница – Битола
- Општа болница со проширена дејност – Кавадарци
- Општа болница со проширена дејност – Кочани
- Општа болница со проширена дејност – Гевгелија *
- Општа болница – Гостивар
- Општа болница – Велес
- Општа болница – Кичево
- Центар за јавно здравје – Тетово
- Здравствен дом – Охрид
- Здравствен дом – Валандово
- Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје

* *Во Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија, податоците за долговите на ЈЗУ за 2018, 2019, 2020 и 2021 година се превземени од образецот О2 што ЈЗУ го доставува месечно до ФЗОРСМ, поради тоа што ЈЗУ нема софтвер за разграничување на обврските и долговите.*

- *намалување на долговите на 31.12.2021 година споредбено со 31.12.2020 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*

- УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
- СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје
- Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје

- *на 31.12.2021 година споредбено со 31.12.2020 година е евидентирано дека нема долгови кај следниве ЈЗУ:*

- УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово
- Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје
- Центар за јавно здравје – Прилеп
- Здравствен дом – Свети Николе

Напомена: Во Здравствен дом Липково долговите по добавувачи не можат да се разграничат од обврски бидејќи нема софтвер за разграничување на обврските и долговите односно за евиденција на фактури по валута на доспевање.

Во текот на 2021 година, 13 (тринаесет) ЈЗУ реализирале над 90% од вкупно искажаните извршени здравствени услуги по Програми од МЗ, 1 (една) ЈЗУ реализирала износ над 80%, 1 (една) ЈЗУ над 70%, 2 (две) над 60%, 1 (една) ЈЗУ реализирала над 50% од побарувања од МЗ и 3 (три) ЈЗУ под 50%. 3 (три) ЈЗУ воопшто немаат реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ.

- *над 90 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*

- УК за детска хирургија – Скопје
- УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
- УК за хематологија – Скопје
- Клиничка болница – Битола
- Општа болница со проширена дејност – Кавадарци
- Општа болница со проширена дејност – Кочани
- Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија
- Општа болница – Гостивар
- Општа болница – Велес
- СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје
- Центар за јавно здравје – Тетово
- Центар за јавно здравје – Прилеп
- Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје

- *над 80 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*

- УК за ревматологија – Скопје

- *над 70 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*

- УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје

- *над 60 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*

- Здравствен дом – Свети Николе
- Здравствен дом – Валандово

- *над 50 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*

- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес

- *под 50 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*

- Општа болница – Кичево
- Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје
- Здравствен дом – Охрид

- *ЈЗУ кои воопшто немаат реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ:*

- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово
- Здравствен дом – Липково
- Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје

Во 8 (осум) од контролираните 24 (дваесет и четири) ЈЗУ, степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2021 година се движи над 90%, во 5 (пет) ЈЗУ над 80%, во 3 (три) ЈЗУ е над 70%, во 1 (еден) ЈЗУ е над 60%, кај 4 (четири) ЈЗУ е над 50% и кај 2 (две) ЈЗУ под 50%. Во 1 (една) ЈЗУ, УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје, партиципација ја фактурира на Министерство за здравство и Министерство за труд и социјала затоа што пациентите се ослободени за плаќање на партиципација по програми.

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2021 година над 90 % е евидентиран во:*

- Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија
- Општа болница – Велес
- СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес
- Здравствен дом – Охрид
- Здравствен дом – Свети Николе
- Здравствен дом – Липково
- Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2021 година над 80 % е евидентиран во:*

- УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
- УК за ревматологија – Скопје
- Општа болница – Кичево
- Завод за рехабилитација на слух говор и глас – Скопје
- Здравствен дом – Валандово

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2021 година над 70 % е евидентиран во:*

- Клиничка болница – Битола

- Општа болница со проширена дејност – Кавадарци
- Општа болница – Гостивар

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2021 година над 60 % е евидентиран во:*

- Општа болница со проширена дејност – Кочани

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2021 година над 50 % е евидентиран во:*

- УК за детска хирургија – Скопје
- Центар за јавно здравје – Тетово
- Центар за јавно здравје – Прилеп
- Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2021 година под 50 % е евидентиран во:*

- УК за хематологија – Скопје
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово

(*прилог табели на страна 26-28)*

При извршените целосни финансиски контроли во 24 (дваесет и четири) ЈЗУ во текот на 2022 година, кај 16 (шеснаесет) ЈЗУ се евидентирани неправилности во благајничкото работење и дадени се 41 (четириесет и една) препораки за нивно надминување и тоа:

- УК за детска хирурхија – Скопје, 4 препораки
- УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје, 3 препораки
- УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје, 6 препораки
- УК за ревматологија – Скопје, 1 препорака
- Општа болница со проширена дејност – Кочани, 3 препораки
- Општа болница – Гостивар, 2 препораки
- Општа болница – Кичево, 2 препораки
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес, 3 препораки
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово, 1 препорака
- Завод за рехабилитација на слух говор и глас – Скопје, 1 препорака
- Центар за јавно здравје – Тетово, 2 препораки
- Центар за јавно здравје – Прилеп, 2 препораки
- Здравствен дом – Свети Николе, 1 препорака
- Здравствен дом – Липково, 3 препораки
- Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје, 1 препорака
- Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје, 6 препораки

При контролите се констатирани се набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава согласност, но за истите нема обебедено претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот и тоа во седниве ЈЗУ:

- Клиничка болница – Битола има обезбедено согласности од Министерството за здравство, но од страна на Фондот за здравствено осигурување не се издадени согласности за трите наведени години т.е. за 2019, 2020 и 2021 година.
- Општа Болница - Гостивар во 2020 година има набавено лекови кои не се на позитивна листа на лекови за болничко лекување за што на контролата не и беа дадени на увид такви согласности, од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување.
- УК за детска хирургија – Скопје констатирани се набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, за кои не е обезбедена претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот.
- Општа Болница – Велес на контролата не и е дадена информација за добиени согласности за набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава согласност.
- СБ за белодробни заболување и туберкулоза Лешок – Тетово - од увидот во материјалната евиденција констатирани се лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување за кои не е обезбедена претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување.
- Здравствен дом Липково од увидот во материјалната евиденција констатирани се лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување за кои не е обезбедена претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување.
- Здравствен дом Охрид - од увидот во материјалната евиденција констатирани се лековите кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, а за кои не е обезбедена претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот.

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

- Во Клиничка болница – Битола висината на средства во Планот за ЈН се повисоки од можните расположиви средства согласно изработените финансиски планови на Клиничка боглница – Битола, така што за **55.787.000 денари** во 2019 година и за **10.503.251 денари** во 2021 година во ЈЗУ нема расположиви средства за нивна реализација.

- Плановите за јавни набавки не се изработуваат согласно Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки:

- УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје
- УК за ревматологија – Скопје (не е запазен законскиот рок за донесување)
- Општа болница – Велес
- Центар за јавно здравје – Тетово
- Здравствен дом Липково (не е запазен законскиот рок за донесување)

- кај 8 (осум) ЈЗУ констатирани се *набавки без спроведена постапка за јавна набавка, чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 1000 евра*, во денарска противвредност, без ДДВ.

- УК за детска хирургија – Скопје
- УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
- УК за ревматологија – Скопје
- Општа болница – Велес
- Општа болница – Кичево
- Центар за јавно здравје – Тетово
- Центар за јавно здравје – Прилеп
- Здравствен дом – Липково

- кај 9 (девет) ЈЗУ *не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 1000 евра,* во денарска противвредност, без ДДВ.

- УК за детска хирургија – Скопје
- УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје
- УК за ревматологија – Скопје
- Општа болница со проширена дејност – Кавадарци
- Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија
- Општа болница – Велес
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес
- Здравствен дом – Свети Николе
- Здравствен дом – Липково

Од извршените целосни финансиски контроли во 24 (дваесет и четири) ЈЗУ во 2022 година, кај 22 (дваесет и две) ЈЗУ се утврдени неправилности во делот на контролата на спроведувањето на постапките за јавни набавки, по случаен избор и дадени се препораки за нивно надминување, и тоа во следните ЈЗУ:

- УК за детска хирургија Скопје
- УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
- УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје
- УК за хематологија – Скопје
- УК за ревматологија – Скопје
- Клиничка болница – Битола
- Општа болница со проширена дејност – Кавадарци

- Општа болница со проширена дејност – Кочани
- Општа болница со проширена дејност – Гевгелија
- Општа болница – Велес
- Општа Болница – Кичево
- СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово
- Завод за рехабилитација на слух говор и глас – Скопје
- Центар за јавно здравје – Тетово
- Центар за јавно здравје – Прилеп
- Здравствен дом – Охрид
- Здравствен дом – Свети Николе
- Здравствен дом – Липково
- Здравствен дом – Валандово
- Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје

Во извршените 24 (дваесет и четри) целосни финансиски контроли во 2022 година, финансиските контролори евидентирале 278 (двеста седумдесет и осум) препораки, и тоа: на 8 (осум) ЈЗУ се дадени над 15 препораки, на 8 (осум) ЈЗУ бројот на евидентирани препораки е помеѓу 10 и 15 препораки и кај 8 (осум) ЈЗУ бројот на нотирани препораки е помалку од 10.

- *над 15 (петнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*

- УК за детска хирургија – Скопје
- УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
- УК за ревматологија – Скопје
- УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје
- Клиничка болница – Битола;
- Центар за јавно здравје – Прилеп
- Здравствен дом – Липково
- Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје

- *помеѓу 10* (десет) *и 15 (петнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*

- Општа болница со проширена дејност – Кочани
- Општа болница со проширена дејност – Гевгелија
- Општа болница – Гостивар
- Општа болница – Велес
- Општа Болница – Кичево
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес
- СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово
- Здравствен дом – Свети Николе

- *помалку од 10 (десет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*

- УК за хематологија – Скопје
- Општа болница со проширена дејност – Кавадарци

- СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје
- Центар за јавно здравје – Тетово
- Завод за рехабилитација на слух говор и глас – Скопје
- Здравствен дом – Охрид
- Здравствен дом – Валандово
- Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје

Од контролираните 24 (дваесет и четири) ЈЗУ само во 3 (три) ЈЗУ се исполнети во целост дадените препораки од претходните целосна финанасиска контроли, (УК за хематологија - Скопје, СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје и Општа болница со проширена дејност – Кавадарци). Во 10 (десет) ЈЗУ се исполнети над 50% од препораки од претходните целосни финансиски контроли, а во 11 (единаесет) ЈЗУ под 50%.

- *исполнети препораки над 50 % е евидентирано во следниве ЈЗУ:*

- УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
- Општа болница со проширена дејност – Гевгелија
- Општа болница – Гостивар
- Општа болница – Велес
- СБ за белодробни заболување и туберкулоза Јасеново – Велес
- СБ за белодробни заболување и туберкулоза Лешок – Тетово
- Завод за рехабилитација на слух говор и глас – Скопје
- Центар за јавно здравје – Прилеп
- Здравствен дом – Охрид
- Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје

- *исполнети препораки под 50 % е евидентирано во следниве ЈЗУ:*

- УК за детска хирургија – Скопје
- УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје
- УК за ревматологија – Скопје
- Клиничка болница – Битола
- Општа болница со проширена дејност – Кочани
- Општа Болница – Кичево
- Центар за јавно здравје – Тетово
- Здравствен дом – Свети Николе
- Здравствен дом – Валандово
- Здравствен дом – Липково
- Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје

Од извршените финансиски контроли во ЈЗУ во текот на 2022 година во делот на контрола на пресметана и исплатена плата се евидентирани следниве случаи:

Платата не се пресметува и исплаќа согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, т.е. во Здравствен дом – Липково

основната плата се пресметува со вредност на бодот од 13.352 денари, наместо 13.419 денари.

Во ЈЗУ коефициентите за одделни степени на сложеност кои се применуваат, не се во согласност со коефициентите кои се наведени во Решенијата за плати, што е нотирано при контрола во ЈЗУ:

- Општа болница – Велес - во доставеното Решение е наведен коефициент на сложеност 2,890. Решение за утврдување плата со коефициент на сложеност соодветен на истиот наведен во исплатната листа и утврден во колективниот договор важечки во контролираниот период, на контролата не и е доставен.
- УК за ревматологија – Скопје - решенијата за работа на медицинскиот и организационен директор се донесени и потпишани од самите директори на ЈЗУ.
- Клиничка болница – Битола - во Анексот на Договорот за вработување утврден е коефициент 4,121%,во исплатна листа 4,315,а во Колективниот договор за група VII/2-а - здравствени соработници со специјализација утврден е коефициент 3,398.

Евидентирани се случаи на неусогласеност на коефициентите за одделни степени на сложеност за соодветните занимања во исплатена плати со истите во Колективниот договор за здравствена дејност, во следниве ЈЗУ:

- Клиничка болница – Битола се нотирани следниве случаи:

- во Анексот на договорот за вработување утврден е коефициент 4,121 во исплатна листа 4,315 а во Колективниот договор за група VII/2-а - здравствени соработници со специјализација коефициент е 3,398.
- Во Анексот на дговорот за вработување утврден е коефициент 3,752 во исплатна листа 3,752 а во Колективниот договор за група VII/2-а - здравствени соработници со специјализација утврден е коефициент 3,398.
- Во Анекс на Договорот за вработување е утврден коефициент на сложеност 2,977 што не во согласност со степенот на сложеност на конкретното работното место и Колективниот договор за здравствена дејност на РМ.
- Во Анекс на Договорот за вработување е утврден коефициент на сложеност 3,119 што не во согласност со степенот на сложеност на конкретното работното место и Колективниот договор за здравствена дејност на РМ.
- За вработениот - дипломиран инжинер по енергетика (со 180 кредити) - одговорен работник во котлара, во одделението за правни, кадрови, административни и општи работи, е утврдениот степен на сложеност 2,977 но истиот во Колективниот договор за здравствена дејност е за самостоен стручен соработник дипломиран: економист, правник, библиотекар.
- Во Анекс на Договорот за вработување за благајник - пресметувач на плати е утврден коефициент на сложеност 1,944 што не во согласност со степенот на сложеност на конкретното работното место и Колективниот договор за здравствена дејност на РМ.

- Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје:

- на главната медицинска сестра и е доделен основен коефициент во износ од 2,516 додека согласно колективниот договор треба да се доделува коефициент во износ од 3,250. Поради тоа што медицинската сестра согласно член 155–в не го исполнува условот согласно законот за здавствена заштита бидејќи нема соодветно образование од најмалку 180 кредити според ЕКТС.
- На хигиничарката и е доделен коефициент во износ 1,651 додека согласно колективниот договр треба да и се додели основен коефициент во износ од 1,536. ЈЗУ разликата до минимална плата ја изразува во коефициент.

➢ УК за ревматологија – Скопје:

- на медицинскиот директор и на организацискиот директор во Решение за работа и во исплатна листа му е доделен основен коефициент во висина од 8,435 што не е во согласност со Анекс за изменување и дополнување на поединечен Колективниот договор.

Од финансиските контроли на пресметана и исплатена плата во 2022 година, евидентирани се следниве случаи на пресметка на додатоците на плата:

➢ Клиничка болница – Битола:

Во ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски" – Битола има примена и Колективен договор на ниво на работодавач –Колективен договор на ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски" Битола за додатоци на плата за работа во услови потешки од нормалните(Архивски бр.02-207 од 31.05.2007 година и Измена и дополнување, заведена под бр. 01-сл од 01.03.2019 година),во кој се утврдени додатоци на плата во висина од најмногу 2,5 % од основната плата на работникот за работа во „други услови за работа". Истиот е потпишан од Претседателот на синдикалната организација во ЈЗУ Клиничка болница Битола и Претседателот на Управен одбор на ЈЗУ Клиничка болница Битола. На контролата не и беа дадени на увид: Овластување за ЈЗУ, од страна на Министерство за здравство, ниту пак Овластување од гранковиот синдикат за синдикатот на ЈЗУ, за потпишување на КД и Анексот, кои ги применува ЈЗУ.

- На вработениот - дипломиран инжинер по енергетика (со 180 кредити) - одговорен работник во котлара во одделението за правни, кадрови, административни и општи работи, му се пресметува и исплаќа:
  1. додатокот по основ на услови за работа од 2,5% кој се однесува за општа изложеност на токсични материи во лабараторија (физички, хемиски и биолошки агенси) и
  2. се пресметува и исплаќа обично дежурство од 96%;

- За вработениот дипломиран инжињер – раководител на информативниот систем за болничко лекување и координатор на ДРГ системот се пресметува и исплаќа:
  1. во договор за вработување даден на увид на контролата е евидентирано додаток по основ на раководење 0,34 додека во исплатна листа пресметан е додаток за раководење 0,36;
  2. додаток по основ на услови за работа 4%, иако во договор за вработување што е доставен на увид на контролата стои други услови 2,00%;
  3. прекувремена работа 129% за 138 часа и приправност 8% во плата за месец јуни 2020 година;

- За вработениот благајник - пресметувач на плати, се пресметува и исплаќа:
  1. прекувремена работа 129%;
  2. дежурство во празник 142% во плата за месец јуни 2020 година;
  3. додаток по основ на услови за работа 1,20%.

➢ УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје се пресметува и исплаќа:

1. утврдувањето за исплата додаток за дежурство од 196%;

2. за вработен здравствен соработник со ВСС – хемичар, магистер во исплатната листа наведен е додаток по основ на раководење со коефициент 0,5. Коефициент за раководење 0,5 не постои во Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Универитетски институт за позитронско-емисиона томографија Скопје.
   Во Решението за плата е наведено дека основната плата се зголемува за учество во работи за креирање стратешки документи од доверливост врзани за развојната програма за производство на радиофармацевтски препарати.....0,5.

3. За вработен административен службеник - советник за материјално - финансиско работење, раководител на одделение: Во исплатната листа наведен е додаток по основ на раководење со коефициент 1,810. Коефициент за раководење 1,810 не постои во Поединечниот колективен договор на ЈЗУ Универитетски институт за позитронско-емисиона томографија Скопје. Добиено е појаснување дека во наведениот коефициент за раководење, покрај коефициентот за раководител на отсек (одделение) ....0,36 пресметани се и бодови за специфични работи од значаен интерес за институтот и кога работникот работи во услови поспецифични од нормалните за соодветното работно место (утврдени во Решението за плата) и тоа:
   3.1 Работи во креирање стратешки документи од доверливост врзани за развојната програма за производство на радиофармацевтски препарати.....0,5
   3.2 Работи во тимот за креирање на маркетинг авторизација на производите (радифармацевтици за дијагностика и терапија) наменети за дистрибуција надвор од институтот.....0,6
   3.3 Учество во комисиите за спроведување на постапките за јавни набавки за производствена и дијагностичка дејност и постапки за одржување на системи во производство....0,35
   (0,36 + 0,5 + 0,6 + 0,35 = 1,81)
4. Во контролираните исплатни листи на наставен кадар (доктор на медицина специјалист, асистент) и административен службеник (советник за материјално - финансиско работење) констатирано е пресметување дел од плата по основ на работна успешност. Со Решение за утврдување работна донесени од директорот на здравствената установа, утврдена е исплата на дел од плата по основ на работна успешност - обем на извршена работа во износ од 5% и остварена продуктивност на трудот во износ од 5% на основната плата. Во наведените исплатни листи во позицијата "сложеност" наведен е износ зголемен за 10%, како и додатоци на плата зголемени за 10% (додаток за услови, раководење и др.) споредено со истите позиции и додатоци на плата од другите контролирани пресметки во кои нема дел од плата по основ на работна успешност.

➢ <u>УК за детска хирургија – Скопје</u> - при пресметувањето на плата на **главната медицинска сестра** се пресметува додаток додаток за прекувремена работа.

➢ <u>Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје:</u>

- Од контролираните пресметки, во пресметките за 5 вработени, констатиран е додаток "по одлука на УО". За овој додаток на петте вработени, донесена е Одлука на УО број 59 од 28.02.2020 година да не се намалува бруто платата и во образложението се повикува на одредбите од "ЗРО кои се превземени од КД за здравство, а гласат 5 години пред пензија не се врши намалување на платата".
- Во решенијата и во пресметките, вработени добиваат додаток за услови на работа во висина од 0,8%. Во КД овој процент се однесува на "повремена изложеност на

инфекции" и "други работи потешки од нормалните". На 28.02.2020 година со број 59 донесена е Одлука од страна на УО во која е наведено дека "додатокот за изложеност на инфекции 0,3% се пресметува без исклучок, кај сите вработени".

➢ СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес:

- Докторот доаѓа на работа во 7:30 часот и работи до другиот работен ден до 14:30 часот. Дежурството се исплатува за 16 часа. Не се користи слободен ден. Наредниот ден докторот е на работа со редовно работно време.
- Додаток за услови потешки од нормалнитене се исплаќа 3% на сите вработени во ЈЗУ кој не е во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност на РМ.

➢ Општа болница – Велес:

- Зголемена е основната плата на медицинскиот директор за работа во услови потешки од нормалните.
- Во пресметката на главна медицинска сестра констатирано е пресметување на надомест за приправност со и без остварен повик и ангажирање.
- Констатирано е пресметување и исплата на надоместок за приправност без остварен повик и ангажирање во ден за кој е пресметан и додаток за 24 часовно дежурство.
- Констатирано е пресметување и исплата на надоместок за приправност без остварен повик и ангажирање за исти саати за кои се пресметува и исплаќа надоместок за приправност за остварен повик и ангажирање (за саатите кога е повикано и ангажирано лицето се пресметува и надоместок за приправност без остварен повик и ангажирање).
- Во сите контролирани исплатни листи, за надоместокот за приправност без остварен повик не се наведува број на часови (како што се бара во исплатната листа) туку се наведува број на денови.

➢ СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово:

- на Директорот со иницијали И.В., Директор на ЈЗУ, за додаток обично дежурство му е исплатено 62,40% од основниот коефициент на сложеност што не е согласно со Колективниот Договор во здравствена дејност, бидејќи истиот изнесува 96%.

➢ УК за ревматологија:

- на медицинска сестра додаток за одговорност и е доделен во висина од 0,19 кој не е во согласност со поединечен Колективниот договор.
- на медицински лица коефициент за услови за работа им е доделен во висина од 3,5% не е во согласност со поединечен Колективниот договор.
- на раководител на одделение за материјално финансиско работење коефициент за услови за работа му е доделен во висина од 2,5% не е во согласност со поединечен Колективниот договор.

➢ Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија:

- ЈЗУ за пасивната приправност од 8 % на докторите во болничките одделенијата, амбулантите (за дејностите кои немаат болнички одделенија) и возачите во ИМП се дели на бројот на вработени доктори и возачи на ИМП кои се вработени по одделинијата, амбулантите и ИМП.
- На дипомираниот хемичар вработен во биохемиска лабораторија му е пресметан процент за услови за работа во износ коефициент од 0,073 што не е во согласност со колективниот договор во здравствена дејност, што е пониско од процентот за услови во колективниот договор, односно, треба да изнесува 0,077.
- На хигиничарката Б.С. по исплатна листа му е доделен коефициент во износ 1,6500 додека согласно колективниот договор за здравствена дејност, треба да му се додели

основен коефициент во износ од 1,2330. ЈЗУ разликата до минимална плата го изразува во коефициент.

➢ СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје:

- При пресметувањето на плата на главната медицинска сестра се пресметува додаток по основ прекувремена работа.
- Во пресметките не е евидентиран додаток за работа ноќе туку само додаток за дежурство во чии број на часови се вклучени и часовите за работа ноќе, при што се додаваат 4 часа. Во ПКД работа ноќе го опфака периодот помеѓу 22 часот и 6 часот нарединот ден.

➢ Центар за јавно здравје – Тетово:

- Во пресметката на плата на главна медицинска сестра констатиран е коефициент на сложеност 1,944. Во истата пресметка констатирано е и зголемување на основната плата со додаток на плата по основ на раководење и одговорност со коефициент 0,18. Во Анекс за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствена дејност на РМ (објавен во Сл. весник на Република Северна Македонија бр.1 од 03.01.2020 година) наведено е "На главната медицинска сестра, главниот медицински лаборант..... се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,400".

➢ Општа болница со проширена дејност – Кочани:

- Во решението и пресметката за вработен на работно место раководител – специјалист по неврологија во Одделот за невропсихијатрија, додатокот за раководење е во висина од 0,39. Висината на додатокот на раководење треба да е согласен со ПКД, т.е. раководител на оддел 0,44 а раководител на одделение 0,39.
- За работно место - Доктор на медицина во Служба за итна медицинска помош и домашно лекување, спрема исплатната листа се пресметува додаток за работа во организирана единица за итна медицинска помош каде основната плата на работникот се зголемува по час 8%. Овој додаток не е наведен во решението за плата.
- Основната плата на директорот е пресметана со коефициент на сложеност кој во ПКД е определен за медицински директор, додека додатоците на плата (додаток без остварен повик и ангажирање, додаток за работа во празник, додаток за работа ноќе и додаток за дежурство во хирушки гранки) се пресметани од основица која е определена за работно место доктор на медицина – специјалист.

➢ Општа болница – Кичево:

- На главната медицинска сестра на ЈЗУ и е доделен додаток за одговорност и раководење во износ од 0,18 коефициенти и за услови за работа во износ од 2,300.
- Основица за пресметување на додатокот за дежурство за директорот на ЈЗУ се применува коефицинтот на сложеност за доктор специјалист.
- **Од страна на Управниот Одбор на ЈЗУ е донесен Колективен Договор бр.02-66/3 од 14.02.2020 година за додатоците на плата за работа за услови потешки од нормалните. Колективниот Договор е потпишан од страна на синдикат ССЗФЗС, Синдикална организација Клинички Центри, Претседателот на Управниот Одбор на ЈЗУ и Директорот на ЈЗУ.**

➢ Општа болница со проширена дејност – Кавадарци:

- На главната медицинска сестра и се исплаќа додаток по основ на раководење 0,18, додаток по основ на услови за работа 0,80% и додаток за пасивна приправност 8%.

Пресметувањето и исплатата на додатоците на плата се врши врз основа на просечниот број на работни саати во годината (во конкретниот случај 174 саати), а не за работните саати во месецот за кои се однесува платата:

- Клиничка болница – Битола
- Општа болница – Велес

➢ Здравствен дом – Липково:

- Во ЈЗУ вредноста на работен час се добива така што на основна плата му се додаваат додатоците на плата и истиот износ се дели со вкупните ефективни работни часови во тековниот месец. Ваквиот начин на пресметка на работниот час е спротивно од Колективниот договор каде основната плата (коефициент за плата помножен со вредност на коефициент) се дели со вкупните ефективни работни часови во тековниот месец.
- На главната медицинска сестра на ЈЗУ и е доделен додаток за раководење (0,18), услови за работа во ИМП (8%), ноќна работа (50%) и работа на празник (42%) што е спротивно на член 73-а став 2 од Колективниот Договор за Здравствена Дејност (Службен Весник на РСМ број 1 од 2020 година) односно член 4 од Анекс за изменување и дополнување на колективен договор во здравство кој гласи "Во член 73-а став 2 бројот 3,400 се заменува со бројот 3,600, а бројот 3,250 се заменува со бројот 3,450" (Службен Весник на РСМ број 174 од 30.07.2021 година) според кој на главната медицинска сестра треба да и се исплаќа коефициент 3,450.

➢ Здравствен дом – Валандово:

- во исплатната листа на Доктор на медицина на специјализација констатирано е пресметување додаток за "Активна приправност – празник" при што основната плата му е зголемена за 155% Контролата не може со сигурност да се произнесе за исправноста на пресметувањето на додатокот за "Активна приправност – празник".

➢ Здравствен дом – Свети Николе:

- во исплатната листа на работникот на кој му се пресметува додаток на плата по основ на раководење и одговорност, при пресметување на додатокот на основна плата за минат труд (работен стаж), се зема и износот на додатокот за раководење и одговорност.
- при пресметувањето на надоместокот за приправност без остварен повик и ангажирање се земаат 240 или 248 саати, зависно од деновите во цел месец.
- констатирано е пресметување и исплата на надоместок за приправност без остварен повик и ангажирање за исти саати за кои се пресметува и исплаќа надоместок за приправност за остварен повик и ангажирање (за саатите кога е повикано и ангажирано лицето се пресметува и надоместок за приправност без остварен повик и ангажирање).

При контролите извршени во 2022 година, евидентиран е случај во ЈЗУ, каде се пресметува и исплаќа додаток за дежурство, но на контролата не и е дадена на увид согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство во:

- ➢ УК за детска хирургија – Скопје
- ➢ УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје
- ➢ Клиничка болница – Битола
- ➢ Општа болница со проширена дејност – Кавадарци
- ➢ Општа болница со проширена дејност – Кочани
- ➢ Општа болница – Велес

2. Наменски контроли

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.



Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 година се презентирани во следната табела:

Ред. бр.	Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола	број на извршени контроли
1	*Предмет на контрола – набавени лекови (по фактури) во ЈЗУ УК за онколигија и радиотерапија - Скопје во 2021 година*	*1*
2	*Предмет на контрола – пресметка и исплата на плати на вработени лица во ЈЗУ Општа болница - Охрид, по поднесеното барање од Министерството за внатрешни работи - Скопје, одделение за криминалистички работи - Охрид*	*1*
3	*Предмет на контрола – јавна набавка по оглас бр.06407/2022 година за набавка на лабораториски реагенси, контролни раствори, помошни средства и тестови во ЈЗУ Здравствен дом - Ресен*	*1*
4	*Предмет на контрола – вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје за 2021 година*	*1*
5	*Предмет на контрола – вонредна финансиска контрола во ЈЗУ УК за ревматологија - Скопје за период 01.01.2019 – 31.12.2021 година*	*1*
6	*Предмет на контрола – вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Општа болница - Охрид за период 01.01.2020 – 31.12.2021 година*	*1*
7	*Предмет на контрола – Претставка за извршена наплата на здравствени услуги во дополнителна дејност за лице лекувана во ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св.Стефан" - Охрид*	*1*

8	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати на директори, медицински и економски директори во следниве 67 ЈЗУ:* *1.УК за Траум.Орто.Карил и Урген.центар - Скопје* *2.УК за гинекологија и акушерство - Скопје* *3.УК по хирушки болести "Св.Наум Охридски" - Скопје* *4.УК за дигестивна хирургија - Скопје* *5.УК за државна кардиохирургија - Скопје* *6.УК за неврохирургија - Скопје* *7.УК за очни болести - Скопје* *8.УК за торакална и васкуларна хирургија - Скопје* *9.УК за детска хирургија - Скопје* *10.УК за урологија - Скопје* *11.УК за уво, нос и грло - Скопје* *12.УК за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје* *13.УК за максилофацијална хирургија на лице, вилици и врат - Скопје* *14.УК за радиотерапија и онкологија - Скопје* *15.УК за кардиологија - Скопје* *16.УК за детски болести - Скопје* *17.УК за хематологија - Скопје* *18.УК за неврологија - Скопје* *19.УК за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје* *20.У Стоматолошки клинички центар "Св.Пантелејмон" - Скопје* *21.УК за нефрологија - Скопје* *22.УК за ревматологија - Скопје* *23.УИ за радиологија - Скопје* *24.УК за гастроентерохепатологија - Скопје* *25.УК за пулмологија и алергологија - Скопје* *26.УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје* *27.УК за токсикологија - Скопје* *28.УК за психијатрија - Скопје* *29.УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Скопје* *30.УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) - Скопје* *31.УК за дерматологија - Скопје* *32.УИ за клиничка биохемија - Скопје* *33.Клиничка болница - Битола* *34.Клиничка болница - Тетово* *35.Клиничка болница - Штип* *36.Општа болница со проширена дејност - Прилеп* *37.Општа болница со проширена дејност - Кавадарци* *38.Општа болница со проширена дејност - Кочани* *39.Општа болница со проширена дејност - Гевгелија* *40.Општа болница со проширена дејност - Дебар* *41.Градска ОБ 8-ми септември - Скопје* *42.Општа болница - Куманово* *43.Општа болница - Гостивар* *44.Општа болница - Охрид* *45.Општа болница - Струмица* *46.Општа болница - Велес* *47.Општа болница - Струга* *48.Општа болница - Кичево* *49.СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир - Скопје* *50.СБ за ортопедија и трауматологија "Св.Еразмо" - Охрид* *51.СБ за нефрологија - Струга* *52.СБ за превенција, лек.и рехе.на кардио.заболувања "Св.Стефан" - Охрид* *53.СБ за геријатриска и палијативна медицина "13 Ноември" - Скопје* *54.СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново - Велес* *55.СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок - Тетово*	*67*

	56.СБ за прев., лек.и рех.на хро.рес.нес. и алергиски заболувања - Отешево *57.Психијатриска болница - Скопје* *58.Психијатриска болница - Демир Хисар* *59.Психијатриска болница - Негорци - Гевгелија* *60.Институт за трансфузиона медицина на РСМ - Скопје* *61.Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје* *62.Институт за јавно здравје на РСМ - Скопје* *63.Институт за белодробни заболувања и туберкулоза (ТБЦ) - Скопје* *64.Институт за медицина на трудот на РСМ Чаир, - Скопје* *65.Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Битола* *66.Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје* *67.Здравствен дом - Скопје*	
	Вкупно финансиски контроли	**74**

VI. Заклучок

Финансиската контрола на Фондот во текот на 2022 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;

- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, пресметка и исплата на плата и додатоци од плата согласно Колективниот договор за здравствена дејност, начинот на ангажирање на лица со договор за дело итн.

- **Во Извештаи од извршените вонредни финансиски контроли констатирани е:**

- *ЈЗУ во кои нема изработено решение за плата на директор и медицински директор;*
- *ЈЗУ во кои работата е организирана со дежурства, без претходно добиен согласност од министерот за здравство за воведување на дежурстава, т.е. согласно законот за Здравствена заштита, член 216, ЈЗУ може да воведе дежурство со кое се обезбедува непрекината 24-часовна здравствена дејност, по претходно добиена согласност од министерот за здравство.*
- *Пресметка и исплата на основна плата на директори, медицински директори и организациски директори по коефициенти на сложеност кои не се во согласност со Колективниот договор за здавствена дејност на РМ;*
- *Поради пресметка и исплата на основната платата по коефициенти на сложеност кои не се во согласност со Колективниот договор за здавствена дејност на РМ констатирани се и неправилни пресметки и исплати на додаток на минат труд, додатоци на основната плата за: ноќна и прекувремена работа,*

работа во дежурство, пасивна приправност и додаток за ангажирање, т.е активна приправност, додатоци за услови потешки од нормалните;

- *Пресметка и исплата на додаток за дежурство и времетраење кои не се во согласност со Колективниот договор за здавствена дејност на РМ. Одлуки од Управни одбори со кои се утврдува времетраење на обично дежурство во работен ден (од понеделник до петок) кое не е во согласност со Колекивниот договор на Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија;*

Во ЈЗУ каде се применува Колективниот договор за здавствена дејност на РМ за пресметка и ислата на додатокот за дежурство се среќаваат дежурства различни по времетраење и деновите на кои се однесуваат. Така на пример:

- *се пресметува и исплаќа додаток за дежурство за 6, 8, 9, 10, 12, 16, 17, 18, 24, 36 часа и слично;*
- *дежурствата се делат како дежурства: од понеделник до четврток, од понеделник до петок, за време на викенд (сабота/недела), дежурство во сабота, дежурство за државен празник спрема викенд, дежурство за државен празник спрема неработен ден, дежурство за државен празник спрема друг празник и слично;*
- *Пресметка и исплата на основна плата и додатоци на плата кои не се изработени по бројот на работни часови за месеците за кои се однесуваат, туку се пресметани и исплатени по годишен просек на часови за редовна работа за сите месеци предмет на контролата;*
- *Пресметка и исплата на додатоци на плата по коефициент на сложеност за доктор специјалист/субспецијалист, т.е. по звањата на медицинските директори;*
- *ЈЗУ во кои за директори, медицински директори и организациски директори нема електронска или рачна евиденција за работното време;*
- *Пресметка и исплата на додатоци за работа во дежурство и други додтоци на плата за датуми кога за медицинскиот директор има изготвено налози за службени патувања или решение за користење денови на годишен одмор;*

Мај/Јуни, 2023 година

Изработиле:
М-р Бедри Мемети
Цвете Јовановска

Контролирал:
Снежана Ќовкароска – Шилоска

Согласен:
Миле Сугарев

Прилог 1: Табеларен преглед на констатирани неправилности во ЈЗУ од целосните финанасиски контроли

1.1. Приказ на состојбата на долгови на 31.12.2020 и 31.12.2021 година

Ред. бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	долгови на 31.12.2020	долгови на 31.12.2021	зголемување/ намалување
1	УК за детска хирургија – Скопје	92.754.231	99.161.592	зголемување
2	УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје	50.836.524	44.465.752	намалување
3	УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје	0	0	исто ниво
4	УК за хематологија – Скопје	125.573.382	164.217.210	зголемување
5	УК за ревматологија – Скопје	131.961.161	138.393.751	зголемување
6	Клиничка болница – Битола	88.352.620	128.366.513	зголемување
7	Општа болница со проширена дејност – Кавадарци	37.794.619	90.287.470	зголемување
8	Општа болница со проширена дејност – Кочани	14.426.753	22.084.574	зголемување
9	Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија*	40.141.046	41.324.069	зголемување
10	Општа Болница – Гостивар	2.018.664	19.781.870	зголемување
11	Општа болница – Велес	12.281.319	33.343.804	зголемување
12	Општа болница – Кичево	8.032.934	37.905.261	зголемување
13	СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје	18.711.048	18.366.298	намалување
14	СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес	0	0	исто ниво
15	СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово	0	0	исто ниво
16	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје	0	0	исто ниво
17	Центар за јавно здравје – Тетово	649.727	1.261.396	зголемување
18	Центар за јавно здравје – Прилеп	0	0	исто ниво
19	Здравствен дом – Охрид	3.000	239.981	зголемување
20	Здравствен дом – Свети Николе	0	0	исто ниво
21	Здравствен дом – Валандово	3.085	202.556	зголемување
22	Здравствен дом – Липково **	0	0	исто ниво*
23	Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје	30.623	122.109	зголемување
24	Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје	541.327	520.416	намалување

** Во Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија податоците за долговите на ЈЗУ за 2018, 2019, 2020 и 2021 година се превземени од образецот О2 што ЈЗУ го доставува месечно до ФЗОРСМ, поради тоа што ЈЗУ нема софтвер за разграничување на обврските и долговите.*

*** Во Здравствен дом Липково долговите по добавувачи неможат да се разграничат од обврски бидејќи нема софтвер за разграничување на обврските и долговите односно за евиденција на фактури по валута на доспевање.*

1.2. Реализација по програми од Министерство за здравство

Р.бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	Фактурирано	Реализирано
1	УК за детска хирургија – Скопје	9.912.530	13.429.636
2	УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје	1.081.680	1.132.022
3	УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје	8.026.400	5.804.400
4	УК за хематологија – Скопје	6.993.600	6.315.450
5	УК за ревматологија – Скопје	70.400	61.150
6	Клиничка болница – Битола	14.321.036	15.230.507
7	Општа болница со проширена дејност – Кавадарци	3.923.656	3.641.065
8	Општа болница со проширена дејност – Кочани	2.784.639	2.723.710
9	Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија	4.181.309	4.107.952
10	Општа Болница – Гостивар	4.104.835	5.285.321
11	Општа болница – Велес	7.576.140	7.604.779
12	Општа болница – Кичево	760.093	260.535
13	СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје	13.848.334	16.862.776
14	СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес	1.290.204	663.249
15	СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово	196.798	0
16	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје	90.520	150
17	Центар за јавно здравје – Тетово	6.161.480	9.587.892
18	Центар за јавно здравје – Прилеп	4.928.576	5.285.402
19	Здравствен дом – Охрид	284.318	19.729
20	Здравствен дом – Свети Николе	321.651	198.571
21	Здравствен дом – Валандово	242.112	150.920
22	Здравствен дом – Липково	3.211.366	3.211.366
23	Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје	210.525	284.231
24	Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје	1.497.123	0

1.3. Степен на пресметена и наплатена партиципација

Р.бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	Пресметана во 2021 год.	Наплатена во 2021 год.
1	УК за детска хирургија – Скопје	4.663.650	2.554.383
2	УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје	3.265.480	2.798.993
3	УИ за позитронско - емисиона томографија на РСМ (ПЕТ Центар) – Скопје	8.026.400	0
4	УК за хематологија – Скопје	8.907.932	1.768.825
5	УК за ревматологија – Скопје	5.674.670	6.747.838
6	Клиничка болница – Битола	33.595.891	25.620.274
7	Општа болница со проширена дејност – Кавадарци	10.083.548	7.845.847
8	Општа болница со проширена дејност – Кочани	9.347.837	5.760.534
9	Општа Болница со проширена дејност – Гевгелија	7.874.352	7.535.765
10	Општа Болница – Гостивар	15.689.415	12.209.440
11	Општа болница – Велес	11.728.452	11.386.769
12	Општа болница – Кичево	5.585.565	4.825.472
13	СБ за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир – Скопје	3.499.219	3.468.613
14	СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Јасеново – Велес	1.534.246	1.510.695
15	СБ за белодробни заболувања и туберкулоза Лешок – Тетово	30.035.400	2.604.730
16	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје	1.653.577	1.383.990
17	Центар за јавно здравје – Тетово	4.365.790	2.379.080
18	Центар за јавно здравје – Прилеп	3.696.850	2.137.000
19	Здравствен дом – Охрид	1.012.262	993.153
20	Здравствен дом – Свети Николе	3.021.306	2.746.015
21	Здравствен дом – Валандово	1.861.381	1.589.855
22	Здравствен дом – Липково	0	0
23	Поликлиника на секундарно ниво Железара – Скопје	4.149.797	3.761.068
24	Поликлиника на универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје	9.543	4.903